**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54** (6 ти кат), **1000 Скопје**
**Тел** (02) **3298 666 Факс** (02) **3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

УП бр.10-13

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош (“Службен весник на Република Македонија” бр.145/2010), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по известуваањето за планирано доделување на помош и известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр.10-13 од 23.01.2015, поднесено во име на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош од страна на Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони, застапувана и претставувана од страна на директорот Виктор Мизо, за доделување на планирана регионална помош на Ки Сејфти Системс Македониа ДООЕЛ Скопје , на седницата одржана на 03.02.2015 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на известуваањето за планирано доделување на помош и известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр.10-13 од 23.01.2015, поднесено во име на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, застапувана и претставувана од страна на директорот Виктор Мизо, за доделување на планирана регионална помош на Ки Сејфти Системс Македониа ДООЕЛ Скопје , со седиште во Технолошко индустриска развојна зона „Кичево“, како корисник на државната помош, утврди дека мерката:

1.1 **ослободување од плаќање на данок на добивка за период од 10 години;**

1.2 **ослободување од плаќање на персонален данок на доход на примања по основ на платите на вработените лица за период од 10 години**

1.3 **ослободување од плаќање на данок на додадена вредност за увоз на добра во ТИРЗ**

1.4 **царински ослободувања и олеснувања**

1.5 **Ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште**,

1.6 **Изземање од обврска за давање на гаранција како инструмент за обезбедување на плаќање на каков бил царински долг, и**

1.7 **Грант во висина од** XXXXXXXXXXX **во МКД за покривање на трошоци за изградба на градежен објект**

претставуваат доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко - индустриски развојни зони ( „Службен

Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

весник на РМ“бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/ 12, 41/14 и 160/14) за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактото дека со Одлука бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата го одобрила Законот за Технолошки – индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко – индустриските развојни зони основани од Владата на Република Македонија.

2 Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на известуваањето за планирано доделување на помош и известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр.10-13 од 23.01.2015, поднесено во име на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, застапувана и претставувана од страна на директорот Виктор Мизо, за доделување на планирана регионална помош на Ки Сејфти Системс Македониа ДООЕЛ Скопје , со седиште во Технолошко индустриска развојна зона „Кичево“, како корисник на државната помош, утврди дека мерката:

2.1 **грант во готовина за креирање на нови работни места во максимален износ од** XXXXXXXXXX **во МКД противвредност, односно** XXXXXXXXX **во МКД противвредност за нововработено лице, при што максималниот број на вработени за кои може да се добие таква помош е** XXXXX**, и**

2.2 **плаќање во износ** XXXXXXXXXXXXX**за период од Датумот на почеток до датумот на издавање на решението за започнување со работа на компанијата**

Претставува **државна помош** во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош. Ваквите мерки се наменети за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за изградба на нови производствени погони и објекти и воведување на две нови дополнителни линии за производство на катализатори за автомобилската индустрија претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е дозволено**.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош ) е должен , според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на

**Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54** (6 ти кат), **1000 Скопје**
**Тел** (02) **3298 666 Факс** (02) **3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќ во согласност со обврската за известување, во име Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони како давател на државна помош, Директорот, Виктор Мизо до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави известување за планирано доделување на помош како и известување за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош на корисник во „ТИРЗ Кичево“ на Ки Сејфти Системс Македониа ДООЕЛ Скопје .бр. 03-191/2 од 23.01.2015година (во понатамошен текст: известувања), со прилог копија од , Заклучок по ТОЧКА 16 од 19-тата затворена седница на Владата на Република одржана на 08.01.2015 година , по која Владата на република Македонија донесе Одлука Дов.бр. 3/1 од 08.01.2015 година за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје (во понатамошен текст : Договор) на корисникот во „ТИРЗ Кичево“ .

Со оглед на фактот дека поднесените известувања ги содржат потребни податоци потребни за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од законот за контрола на државната помош ( „Службен весник на Република Македонија “ бр. 145/2010) како ден на прием на уредно известување се смета 23.01.2015

Комисијата за заштита на конкуренцијата ( во понатамошен текст:КЗК) во законски предвидениот рок ги испита доставените известувања и прилог копијата од правниот акт врз основа на кој се доделува помошта- Заклучок по ТОЧКА 16 од 19- тата затворена седница на Владата на Република Македонија, одржана на 08.01.2015 година како и Договорот приложен кон него и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е : Владата на Република Македонија**, **претставувана и застапувана од страна на** Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони, застапувана и претставувана од страна на директорот Виктор Мизо;

- **Корисник на државната помош е** Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје со седиште во Технолошко индустриска развојна зона Кичево,

- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта Заклучок по ТОЧКА 16 од 19-тата затворена седница на Владата на Република Македонија, одржана на 08.01.2015 година како и Договоротза доделување на државна помош кој во име на Дирекцијата за технолошки развојни зони како давател на државна помош ќе го склучи Директорот Виктор Мизо со Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје, како корисник на помошта.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

**Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54** (6 ти кат), **1000 Скопје**
**Тел** (02) 3298 666 **Факс** (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и;
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата
-

Оттука, при испитување на мерката содржана во доставените известувања, КЗК ја анализираше од аспект на тоа дали истата ги исполнува горенаведените четири кумулативни критериуму. При ваквата анализа КЗК утврди дека:

Мерката - **грант во готовина за креирање на нови работни места во максимален износ од** XXXXXXXXX **противвредност, односно** XXXXXXX **противвредност за нововработено лице, при што максималниот број на вработени за кои може да се добие таква помош е** XXXXXXXX**претставува државна помош** ,во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истите ги исполнуваат следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Македонија( преку буџетот на Дирекцијата за ТИРЗ) на Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје;

- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпијатие – Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје, поради тоа што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатијата и нивните конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот, дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје, се ставаат во понезавидна положба од преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар – изградба на згради,погони и објекти за производство на воздушни перничиња и останати безбедносни производи за авртомобилската индустрија. Доделувањето на оваа помош на конкретното претпријатие – Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје, му овозможува доделување на државна помош поврзана со создавање на минимум XXX еквивалентни редовни работни места со полно работно време, а за кои во нормални пазарни услови претпријатието – Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје би ги издвоил од сопствени ресурси за покривање на трошоците поврзани со создавање на нови работни места.На овој начин, со доделувањето на државната помош за оваа мерка, претпријатието – Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие сретства може да ги искористи на негов нај исплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;
- Мерката економска поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие – Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје и неговото производство на воздушни перничиња и останати безбедносни производи за автомобилската индустрија, која што

**Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54** (6 ти **кат**), **1000 Скопје**
**Тел** (02) **3298 666 Факс** (02) **3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;
- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка, јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие – Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје

КЗК освен што утврди дека горенаведената мерка претставуваат државна помош, исто така утврди дека ваквата мерка наменета за подржување и реализација на инвестицискиот проект за изградба на згради, погони и објекти за производство на воздушни преничиња и останати безбедносни производи за автомобилската индустрија во„ТИРЗ Кичево“ **претставува регионална помош** согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош бидејќи истата е во согласност со целите на регионалната политика на Република Македонија **за подржување на продуктивни почетни инвестиции или отварање на работни места поврзани со инвестицијата.**

КЗК исто така утврди горенаведената мерка **претставува идивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“бр.109/2013).

Во Договорот за државна помош е наведено дека Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје ќе инвестира износ не помал од XXXXXXX XXXXX во денарска противвредност како оправдан инвестициски трошок, во инвестицискиот проект , во периодот од 31 декември 2017 година.во текот на периодот од денот на потпишувањето на Договорот. Инвестициски проект треба да се одржува за период од најмалку пет години по целосна реализација на инвестицијата.

Државната помош за креирање на нови работни места е во вкупен износ до најмногу XXXXXX (XXXXXXXXXXXXXXXXXXX) во денарска противвредност. Вкупниот број на планирани вработени е до XXXXXXXXXX, при што државната помош за создавање на едно работно место е XXXXXXXXXXX (XXXXXXXXXXXXXXXXX).

Со оглед на фактот дека за дата на почетокот на инвестицијата во Договорот за државна помош е наведен 1-ви февруари 2015 година, Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје се обврзува дека ќе креира најмалку XXX нови работни места и ќе вработи најмалку XXXXX државјани на Република Македонија најдоцна до 31 декември 2018 година. Корисникот на државната помош се обврзува дека ќе ги исполни вработувањата за периодот од 2015 до

2016 година, со следната динамика, која ќе се пресметува почнувајќи од 31 декември во секоја односна година;

- 2015 – минимум XXXX државјани на Република Македонија,
- 2016 – минимум XXXново вработени државјани на Република Македонија

Давателот на државна помош ќе додели државна помош за вработување над XXX државјани на РМ , кои ќе бидат исплатени во првите 60 дена по доставување на известувањето дека се исполнети условите ( креирани над XXXнови работни места) но не подоцна од 01.09.2016 година.

Исто така, согласно Договорот за државна помош, корисникот на државната помош, се обврзува да го одржува бројот на работните места (бројот на полно-времени договори за вработување) за кои е исплатена државната помош, најмалку за период од пет години од денот кога истите биле пополнети за прв пат.

Со цел добивање исплата, корисникот на државната помош мора да поднесе барање за исплата на државната помош и во прилог да ги достави сите потребни докази , а кои се дефинирани во Договорот.

Мерката – **плаќање во износ на вкупниот платен** XXXXXXXXXXX **на вработените за период од датумот на почеток до датумот на издавање на решението за започнување со работа, претставува државна помош** во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истите ги исполнуваат следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Македонија на Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје;
- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпијатие – Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје, поради тоа што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатијата и нивните конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот, дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје, се ставаат во понезавидна положба од преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар. Доделувањето на државна помош на Ки Сејфти Системс во форма на плаќање во износ на вкупниот платен персонален данок на доход на вработените, на Ки Сејфти Системс му создава поволност на пазарот споредено со другите претпријатија кои делуваат на пазарот а кои ја немаат таквата можност за искористување;
- Мерката економска поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие – Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје и неговото производство на воздушни перничиња и останати безбедносни производи за автомобилската индустрија, која што

поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка, јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие – Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Скопје

КЗК освен што утврди дека горенаведената мерка претставуваат државна помош, исто така утврди дека ваквата мерка наменета за поддржување и реализација на инвестицискиот проект за изградба на згради, погони и објекти за производство на воздушни перничиња и останати безбедносни производи во автомобилската индустрија во ТИРЗ Кичево **претставува регионална помош** согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош бидејќи истите се во согласност со целите на регионалната политика на Република Македонија и со истата се поддржува продуктивна почетна инвестиција **изградба на згради, погони и објекти за производство на воздушни преничиња и останати безбедносни производи за автомобилската индустрија**.

КЗК исто така утврди горенаведената мерка **претставува идивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“бр.109/2013).

Во Договорот за државна помош е наведено дека давателот на државна помош ќе изврши исплата на корисникот на државната помош за надомест по основ на XXXXXXXXXX , **под услов компанијата да има вработени во овој период, со приложената потврда за** XXXXXXXXXXX.

Со цел добивање исплата, корисникот на државната помош мора да поднесе барање за исплата на државната помош и во прилог да ги достави сите потребни докази , а кои се дефинирани во Договорот.

Од наведеното КЗК утврди дека доделувањето на помошта е планирано да се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош(„Службен весник на Република Македонија“бр.109/2013), заради што доделувањето на истата **е дозволено.**

Корисникот на државната помош во Договорот јасно ги утврдил правилата за кумулација на помошта и истите се во согласност со правилата за кумулација дефинирани во член 10 од Уредбата за условите и постапката за доделување

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

на регионална помош, врз основа на која уредба се доделува државната помош наведена во Решението.

Мерките **ослободување од плаќање на данок на добивка за период од 10 години; ослободување од плаќање на персонален данок на доход на примања по основ на платите на нововработените лица за период од** 10 **години; ослободување од плаќање на данок на додадена вредност за увоз на добра во ТИРЗ; Царински ослободувања и олеснувања; ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште; изземање од обврската за поднесување на гаранција како инструмент за обезбедување на царински долг и грант во готовина за покривање на трошоците за изградба на градежен објект во висина од** XXXXXX претставуваат регионална помош која се доделува преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко индустриски развојни зони за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на КЗК, со оглед на фактот дека со Одлуката донесена од страна на КЗК бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, КЗК веќе го одобрила Законот за технолошко индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко-индустриските развојни зони основани од Владата на Република Македонија.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Претседател**
**Благој Чурлинов**